UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA
48

2019

vol. 48
Issue 1-2

BALCANOSLAVICA VOLUME 48, ISSUE 1-2, pag. 1-152, PRILEP, 2019

Издавач:
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп

Уреднички одбор:
Ели ЛУЧЕСКА (Прилеп)
Андреј ПЛЕТЕРСКИ (Љубљана)
Данијела БИРТ КАТИЌ (Задар)
Виолета КРСТЕСКА (Прилеп)
Богуслав ЖЕЛИЊСКИ (Познањ)
Иванка ГЕРГОВА (Софија)
Роберт МИХАЈЛОВСКИ (Мелбурн)

Технички уредник:
Орданче ПЕТРОВ

Секретар:
Христијан ТАЛЕВСКИ

Лектор на македонски јазик:
Виолета КРСТЕСКА

Превод на англиски:
Влатко СЕКУЛОСКИ

Компјутерска обработка:
Орданче ПЕТРОВ

Печати:
АРТ ПРИНТ СТУДИО ДООЕЛ Скопје

Тираж
300

Адреса:
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп
ул. Кичевско Џаде, бб. 7500 Прилеп, Р Македонија

balcanoslavica@isk.edu.mk
balcanoslavica.mk

Изданието е финансиски помогнато од Министерството за образование и наука на Република Македонија

Publisher:
PRI Institute of old slavic culture - Prilep

International editorial commitee:
Eli LUČESKA (Prilep)
Andrej PLETERSKI (Ljubljana)
Danijela BIRT KATIĆ (Zadar)
Violeta KRSTESKA (Prilep)
Boguslaw ŽIELINSKI (Poznań)
Ivanka GERGOVA (Sofia)
Robert MIHAJLOVSKI (Melbourne)

Techniocal editor:
Ordanče PETROV

Secretary:
Hristijan TALEVSKI

Macedonian proofreading:
Violeta KRSTESKA

Translation in English:
Vlatko SEKULOSKI

Computer layout:
Ordanče PETROV

Print:
ART PRINT STUDIO DOOEL Skopje

Copies:
300

Adress:
PSI Institut for Old Slavic Culture - Prilep
Kichevsko Dzade st. bb, 7500, Prilep, Republic of Macedonia

balcanoslavica@isk.edu.mk
balcanoslavica.mk

This publication is financially supported by the Ministry of Education and Science of Republic of Macedonia

UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA

48/1-2

2019

Главен уредник и редактор:
Бранислав РИСТЕСКИ

Членови на редакција:
Виолета КРСТЕСКА, Владимир КАРАЏОСКИ,
Ели ЛУЧЕСКА, Атанас АТАНАСОСКИ,
Звонко ДИМОСКИ, Орданче ПЕТРОВ,
Христијан ТАЛЕВСКИ

UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA

48/1-2

2019

Editor-in-Chief:
Branislav RISTESKI

Editorial committee:
Violeta KRSTESKA, Vladimir KARADŽOSKI,
Eli Lučeska, Atanas ATANASOSKI,
Zvonko DIMOSKI, Ordanče PETROV
Hristijan TALEVSKI

BALCANOSLAVICA VOLUME 48, ISSUE 1-2, pag. 1-152, PRILEP, 2019

СОДРЖИНА / CONTENT

9

ПРЕДГОВОР

FOREWORD

11-32

Бранислав АТАНАСОСКИ

ЛОКАЛИТЕТОТ ГРАДИШТЕ КАЈ СЕЛОТО ДЕБРЕШТЕ ВО ПРЕДИСТОРИСКИОТ ПЕРИОД

Branislav ATANASOSKI

ARCHEOLOGICAL SITE GRADISHTE, NEAR THE VILLAGE OF DEBRESHTE IN THE PREHISTORIC PERIOD

33-47

Бранислав РИСТЕСКИ

ОСНОВНИ ЕТАПИ ВО РАЗВИТОКОТ НА КУЛТУРНИОТ КОМПЛЕКС „ЗЛАТОВРВ – ТРЕСКАВЕЦ“ , ПРИЛЕП

Branislav RISTESKI

BASIC STAGES IN THE DEVELOPMENT OF THE CULTURAL COMPLEX "ZLATOVRV – TRESKAVEC" , PRILEP

49-55

Бошко АНГЕЛОВСКИ

ФЕНОМЕНОТ НА ПОДУНАВСКИТЕ КОЊАНИЦИ

Boško ANGELOVSKI

PHENOMENON OF THE CULT OF THE DANUBIAN HORSEMAN

57-71

Бошко АНГЕЛОВСКИ - Магдалена МАНАСКОВА - Благица СТОЈАНОВА

РИМСКИТЕ ПОГРЕБУВАЊА СО КРЕМАЦИЈА НА ЛОКАЛИТЕТОТ КОКОЛОВ РИД-ВИНИЧКА КРШЛА

Boško ANGELOVSKI, Magdalena MANASKOVA, Blagica STOJANOVA

THE ROMAN BURIALS BY CREMATION ON THE SITE KOKOLOV RID-VINICHKA KRSCHLA

73-100
Ljubinka DŽIDROVA
THE MILENIAL CITY - SKOPJE
AN ATTEMPT TO DEFINE ITS OCCURANCE, MEDIEVAL HISTORY AND URBAN STRUCTURE - 1

Љубинка ЏИДРОВА
МИЛЕНИУМСКИОТ ГРАД СКОПЈЕ
ОБИД ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕГОВАТА ПОЈАВА, СРЕДНОВЕКОВНА ИСТОРИЈА И УРБАНА СТРУКТУРА – 1

101-108
Атанас АТАНАСОСКИ
ОСАМЕН ЦВЕТЕН ОРНАМЕНТ ВО ЦРКВАТА „СВ. ПЕТАР, ГОЛЕМ ГРАД"

Atanas ATANASOSKI
LONELY FLOWER ORNAMENT IN THE CHURCH ST. PETER, GOLEM GRAD"

109-131
Васил ЛИКИН
ЕДЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБИТЕ НА ЦРКВИТЕ И МАНАСТИРИТЕ И НИВНИТЕ ИМОТИ ВО ТИКВЕШКО, РАДОВИШКО И БЕРОВСКО ОД 1916 ГОДИНА

Vasil LIKIN
A REPORT ON THE CONDITIONS OF THE CHURCHES AND MONASTERIES AND THEIR PROPERTY IN THE REGION OF TIKVESH, RADOVISH AND BEROVO FROM 1916

133-139
Владимир КАРАЏОСКИ
ИМИЊАТА НА РУРАЛНИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО МАКЕДОНИЈА

Vladimir KARADŽOSKI
TO THE ETYMOLOGY OF THE NAME OF THE CITY OF PRILEP

141-146
Ели ЛУЧЕСКА
ПРВИЧНАТА ЦРКВА СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ (ПАРАКЛИС) ВО ПРИЛЕП

Eli LUCHESKA
THE ORIGINAL CHURCH OF ST. CYRIL AND METHODIUS (CHAPEL) IN PRILEP

147-152
Лилјана МАКАРИЈОСКА
ЗНАЧАЕН ПРИЛОГ КОН ПОВЕЌЕТОМНОТО ИЗДАНИЕ НА ВТОРИОТ БЕРАМСКИ БРЕВИЈАР И АФИРМАЦИЈАТА НА ХРВАТСКОГЛАГОЛСКОТО РАКОПИСНО НАСЛЕДСТВО

„ПРЕДГОВОР“

Во овој двоброј на научното списание на ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп, Балканославика бр. 48/1-2, се поместени научни трудови од областа на археологијата, историјата, историјата на уметност и лингвистиката, што во најголема можна мера соодветствува на основните дејности кои се предмет научноистражувачката дејност на Институтот.

Од областа на археологијата се застапени студиите за средновековното Скопје, археолошкиот комплекс Златоврв-Трескавец, предисторијата на локалитетот Градиште, римските погребувања на локалитетот Коколов Рид-Виничка Кршла, како и феноменот на подунавските коњаници.

Покрај тоа, презентирани се и трудовите за црквите и манастирите во Тиквешко, Радовишко и Беровско, црквата Св.Кирил и Методиј во Прилеп, како и пример на еден осамен цветен орнамент од црквата Св.Петар, Голем Град.

Историско-лингвистичките сознанија се презентирани во прилогот за имињата на руралните населени места во Македонија и приказот на повеќетомното издание на Вториот Берамски Бревијар.

“FOREWORD”

In this issue of the scientific journal of Public Scientific Institution (PSI), Institute for Old Slavic Culture - Prilep, Balkanoslavica no. 48/1-2, scientific papers in the field of archaeology, history, history of art and linguistics have been moved, which corresponds to the greatest possible extent with the basic activities that are the subject of the scientific research activity of the Institute.

Studies on medieval Skopje, the Zlatovrov-Treskavec archaeological complex, the prehistory of the Gradiste site, the Roman burials of the site Kokolov Hill-Vinicka Kršla, and the phenomenon of the Danube cavalrymen are represented in the field of archaeology.

In addition, papers on churches and monasteries in the regions Tikves, Radovish and Berovo, the church of St.Cyril and Methodius in Prilep, as well as an example of a solitary flower ornament from the church of St.Peter, on the island of Golem Grad, are presented.

Historical and linguistic findings are presented in the appendix on the names of rural settlements in Macedonia and the depiction of the multi-volume edition of the Second Beram Breviary.

ЗНАЧАЕН ПРИЛОГ КОН ПОВЕЌЕТОМНОТО ИЗДАНИЕ НА ВТОРИОТ БЕРАМСКИ БРЕВИЈАР И АФИРМАЦИЈАТА НА ХРВАТСКОГЛАГОЛСКОТО РАКОПИСНО НАСЛЕДСТВО

Лилјана МАКАРИЈОСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ –Скопје.
lmakarijoska@gmail.com

стручен труд
УДК 811.163.1(497.5)(049.3)
091:003.349.1(497.5 Berami)(049.3)

Studije o Drugome beramskom brevijaru, ur. Milan Mihaljević, Andrea Radošević, Bibliotheca glagolitica croatica, knj. 4, Znanstveni centar izvrsnosti za hrvatsko glagoljaštvo, Staroslavenski institut, Zagreb 2021



Несомнена е потребата од издавање на средновековното ракописно наследство на словенските народи, а реткоста на проектите како повеќетомното издание на Вториот берамски бревијар, значаен споменик на хрватскоглаголската писмност, се должи, пред сѐ, на фактот што му претходи повеќегодишна напорна, макотрпна работа на избраниот авторски тим од афирмирани палеослависти, коишто зад себе имаат вредни научни трудови, посветени, пред сѐ, на црковнословенскиот јазик од хрватска редакција.

Т.н. Втор берамски бревијар е хрватскоглаголски ракописен кодекс кој се чува во Народната и универзитетска библиотека во Љубљана (под сигн. Ms 163), врз основа на што се нарекува и Втор љубљански бревијар.

Додека ги прелистуваме страниците на внимателно, беспрекорно преточениот, расчитан текст на Бревијарот, како да се пренесуваме во XV век, времето кога ракописот е пишуван буква по буква. Неуморните пишувачи веројатно и не

навестувале дека, шест векови подоцна, авторите на ова издание ќе го пренесат истиот тој текст во една нова форма, транслитерирана, односно дигитална.

Новото издание, насловено *Студии за Вториот берамски бревијар* претставува целина со претходно издадените четири тома и тоа: факсимилното издание и транслитерираниот текст на првиот дел на Вториот берамски (љубљански) бревијар (264 листови со формат 30 X 21 см), што содржи молитви и читања во текот на годината и на вториот дел на Вториот берамски (љубљански) бревијар (176 листови) што содржи молитви и читања за светите празници.

Изданието на првиот дел од Бревијарот[1], ги содржи факсимилите на 264 пергаментни листови и латиничната транслитерација извршена од шеснаесет соработници на проектот (В. Бадурина-Стипчевиќ, И. Ботица, М. Димитрова, М.-А. Дуригл, И. Христова-Шомова, А. Ковачевиќ, К. Кухар, М. Михаљевиќ, С. Пожар, А. Радошевиќ, М. Шимиќ, Ј. Вела, Ј. Винце, Ј. Вучковиќ, С. Зубчиќ, М. Жагар). Изданието на вториот дел од Бревијарот[2], во првиот том ги содржи факсимилите на 176 листови, а во вториот латиничната транслитерација извршена од тринаесет соработници: В. Бадурина-Стипчевиќ, И. Ботица, М-А. Дуригл, М. Михаљевиќ, С. Пожар, А. Радошевиќ, А. Шимиќ, М. Шимиќ, Ј. Вела, Ј. Винце, Ј. Вучковиќ, С. Зубчиќ, М. Жагар, а главен уредник е Милан Михаљевиќ. Во томовите со латиничната транслитерација по предговорот, се дадени начелата на транслитерацијата, дополнителните записи во првиот/вториот дел на Вториот берамски бревијар, како и библиографија и целосен попис на текстовите.

Експертскиот научноистражувачки тим, посветено работел не само на подготовка на печатеното издание туку и на електронската база на податоци, односно на речникот со електронски пребарувачки попис на зборoформите со податоци за местото, со граматичка определба и сл., што е достапно на е-врската beram.stin.hr.

Според содржината, изданието *Студии за Вториот берамски бревијар* е поделено на четири дела: Описи, Текстолошка, Книжевноисториска и литургиска анализа, Јазик и Историја. Во *Предговорот* (7–10) уредниците на изданието укажуваат на концепцијата на јазичните студии на Вториот берамски бревијар, што претставува една целина со факсимилното издание и транслитерацијата на првиот и вториот дел на ракописот од XV век, употребуван во Берм, Истра. Тие истакнуваат дека со ова дело се заокружува петгодишната научноистражувачка работа, којашто покрај печатените изданија опфаќа и електронска база на податоци.

Првиот дел од изданието ги содржи палеографскиот опис, односно сеопфатниот опис на илуминацијата.

Матео Жагар во опширниот и детален *Палеографски опис на Вториот берамски бревијар* (13–76) истакнува дека ракописот потекнува од период во кој е постигнато воедначување на буквените нацрти во хрватскоглаголските литургиски текстови, но секоја графема треба да се разгледува како дел од сложениот процес на пишување на текстот, во конкретниов случај со хрватската аглеста глаголица, што има просторно мошне ограничена употреба и изолиран развој во XV век. Разликите се евидентни при проследувањето на хрватскоглаголскиот корпус ракописи и тоа меѓу одделни препишувачки центри, меѓу одделни писари кај кои не се невообичаени и разликите во текот на подолгиот период на пишување на кодек-

1 *Drugi beramski brevijar. Hrvatskoglagoljski rukopis iz 15. stoljeća. I. dio, sv. 1. Faksimil, sv. 2. Transliteracija*. Priredio Milan Mihaljević (Zagreb: Staroslavenski institut – Znanstveni centar izvrsnosti za hrvatsko glagoljaštvo, 2018), 580 str.

2 *Drugi beramski breijvar. Hrvatskoglagoljski rukopis iz 15. stoljeća. II. dio, sv. 1. Faksimil, sv. 2. Transliteracija*. Priredio Milan Mihaljević (Zagreb: Staroslavenskiinstitut – Znanstveni centar izvrsnosti za hrvatsko glagoljaštvo, 2019), 383 str.

сот. За „златниот период“ на хрватскоглаголската писменост, XIV и XV век, карактеристична е употребата на три поттипови на глаголското писмо што се на своевиден начин специјализирани за различни видови текстови: аглеста глаголица за литургиски текстови, полуустав за белетристика и курзив како „деловно“ писмо.

Палеографската анализа е прилог кон датирањето на ракописот, утврдувањето на бројот на писарите и активноста на препишувачкиот центар. Предмет на анализа е графоморфолошката разновидност на сите нацрти, на лигатурите итн. Разликите во висината на редовите се главно на две нивоа: поголема за библиските текстови и помала за молитвите и другите текстови. Бројот на редовите во еден столб во целиот текст е од 28 до 34, а бројот на буквените места во редот не е воедначен (на пр. во библискиот текст е од 16 до 32). Едноличната правоаголна структура се динамизирала со иницијалите, лигатурите и сл. Анализата на нацртите ја потврдува претпоставката за вклученоста на повеќе писари, односно илуминатори на Бревијарот, коишто со високите писарски и кодиколошки стандарди и писарската креативност, ја одразуваат богатата писарска традиција на Берам, како глаголско средиште од средината на XV век. Жагар се осврнува и на честотата и на разновидноста на лигатурите (потврдени во 322 различни лигатурни комбинации), изделувајќи ја како најчеста п + р, а посочува и некои трочлени и повеќечлени лигатури. Табеларното претставување на лигатурите го потврдува нивниот статус во средновековните текстови. Се посветува внимание и на двата основни типа на скратување на зборовите (контракција и суспензија), на употребата на титлите, се укажува на практиката на скратување на зборовите во Бревијарот со често испуштање на вокалите во најтрадиционалните примери, во насловите, па и во основниот текст. Секако, впечатлива е и употребата на иницијалите од аспект на големината на формите (се протегаат од 2 до 21 ред). Во врска со интерпункцијата се посочува употребата на точката во рамки на поглавјата, пред сврзниците и сл.

Лилјана Мокровиќ ја анализира *Илуминацијата на Вториот берамски бревијар* (77–139) и тоа од кодиколошки, литургиски, текстолошки, палеографски и уметнички аспект. Посебен акцент се става на видовите иницијали според содржината, боите, формите на иницијалите, односно на сличностите (главно кај иницијалите) и разликите на формите на иницијалите и на минијатурите. Врз основа на споредбите на Првиот и Вториот берамски бревијар Мокровиќ посочува дека и во двата има малку минијатури, а повеќе иницијали, а иницијалите се слични, но во Првиот се помали, а во Вториот се побројни, подолги и поразновидни.

Вториот дел од ова издание е посветен на текстолошката, книжевноисторискатa и литургиската анализа.

Весна Бадурина-Стипчевиќ се осврнува на *Текстолошките особености на Вториот берамски бревијар во контекст на другите хрватскоглаголски бревијари* (143–154), меѓу другото поврзано и со чувањето на старата јазична состојба, архаичната редакција на преводот и прифаќањето на елементи од говорниот јазик. Авторката се осврнува на библиските, на хагиографските, на апокрифните текстови и на химните во Вториот берамски бревијар, а врз основа на прегледот на текстолошките сличности и разлики со други бревијари од XIV и XV век заклучува дека иако според потеклото е во групата на северните, истарски бревијари, тој се вбројува во јужната, помлада група, а споредбено со другите и содржински и текстолошки во определена мера е единствен.

Андреа Радошевиќ ги разгледува *патристичките текстови во Вториот берамски бревијар* (155–178) во контекст на нивната застапеност и во останатите глаголски бревијари. Посебно се задржува на изворите, на анализата на осо-

беностите на патристичките текстови, односно на составот на патристичките лекции.

Авторите на разделот *Нацрт за споредбено истражување на улогата на бревијариште и зборниците во историјата на хрватскоглаголската книжевност* (179–211), Јосип Вучковиќ и Марија-Ана Дуригл, се посветуваат на споредбата на овие книжевни жанрови со цел да се проследат улогата и кодиколошките особености на хрватскоглаголските зборници, на бревијарите како „стабилен“ жанр, на нелитургиските зборници како „флуидна“ категорија. Посебни подраздели се посветени на поделбата на хрватскоглаголските ракописи на литургиски и нелитургиски, на нормираната рецепција на бревијарот, на послободната рецепција на нелитургиските зборници, на улогата на легендите во чест на светците во бревијарите и литургиските зборници. Врз основа на анализата се донесени научно образложените заклучоци.

Во *Литургиската анализа на Вториот берамски бревијар* (213–227) од Анте Црнчевиќ и Кристијан Кухар се застапени подразделите за литургиско-историскиот преглед на бревијарите, за деталната структурна анализа на двата дела на Вториот берамски бревијар, како и за литургиските називи за молитвените часови, за литургиските елементи на одделни часови, насловите за заедничките слави на светците, за молитвите и химните. Кристијан Кухар во прилог на литургиската анализа на Вториот берамски бревијар проследува и *Попис на молитвите и химните* (229–242).

Во третиот дел од книгата се содржани студиите посветени на јазикот на Бревијарот.

Милан Михаљевиќ во разделот посветен на *фонолошките особености на Вториот берамски бревијар* (245–256) посебно се осврнува на застапеноста, честотата и функцијата на одделни графеми и на нивните гласовни вредности, на лигатурите и скратениците и сл. На пр. се посочуваат голем број примери за употребата на еровите и за нивната вокализација, за јатот, промените во консонантските групи, едначењето по звучност, депалатализацијата итн. *Именската деклинација во Вториот берамски бревијар* (257–269) е предмет на анализата на Јасна Винце. Таа детално ги разгледува падежните форми кај именките од машки, среден и женски род, промените во наставките, а на крајот на прегледот на падежните форми во Бревијарот се осврнува на категориите: род, живост, број и падеж, на нивните меѓусебни односи и застапеноста во одделни именски парадигми.

Осврнувајќи се на состојбата со *заменките во Вториот берамски бревијар* (271–280) Милан Михаљевиќ по подробната анализа истакнува дека во врска со личните заменки отстапувањата од нормата се ретки и тие обично се должат на фонолошки или правописни промени, а исто така мошне ограничени се и отстапувањата од старо/црковнословенската норма кај промената на неличните заменки.

Сандра Пожар во разделот посветен на *основните особености на придавската и партиципската морфологија во Вториот берамски бревијар* (281–296) ги проследува развојните тенденции на придавската и партиципската промена, особено на генитивните, дативните, локативните и инструменталните форми за машки, среден и женски род, а исто така и општите тенденции во придавската промена, односот на кратките и долгите придавски форми, влијанието на заменската промена. Следат и согледувањата поврзани со промените на партиципите, со компаративот итн.

Во разделот под наслов *Морфологијата на глаголите во Вториот берамски бревијар* (297–309) Сања Зубчиќ ги проследува наставките на простите глаголски форми за презент, аористните форми (на асигматскиот, првиот и вториот сигматски аорист), имперфектните наставки, како и синтетичките и аналитичките императивни форми, а ги посочува и промените на парти-

ципните форми. Од сложените глаголски форми се разгледуваат формите и значењата на перфектот, на плусквамперфектот, како и на футурот (прв и втор) и на кондиционалот.

Предлозите во Вториот берамски бревијар (311–316) ги разгледува Јасна Винце и тоа во врска со нивните временски и просторни значења, односно со падежите со кои се поврзуваат.

Ана Шимиќ во разделот *Прилози, честици и извици во Вториот берамски бревијар* (317–323) посветува внимание на именските и заменските прилози, на честиците и на најчестите извици во Бревијарот.

Авторите на поглавјето *Од синтаксата на Вториот берамски бревијар* (325–350), Милан Михаљевиќ, Ана Шимиќ и Јозо Вела, укажувајќи на синтаксичките промени кои се резултат на разновидноста на текстот, на застапеноста на архаичните елементи, но и на подновувањата под влијание на латинските предлошки и на говорниот јазик, посебно се задржуваат на особеностите во врска со: изразувањето на негацијата, положбата на негацијата *не*, двојната (повторена) негација, согласувањето на субјектот и предикатот, синтаксичките особености поврзани со инфинитивот, партиципите, а посебно внимание се посветува на удвојувањето на сврзникот *да* под влијание на говорниот јазик.

Маринка Шимиќ комплексно ја разгледува *лексиката на Вториот берамски бревијар* (351–364), којашто е повеќеслојна, односно содржи различни постари и помлади лексички слоеви: старословенизми, грцизми, латинизми, моравизми, охридизми, германизми и кроатизми т. н. чакавизми, што ја потврдуваат употребата на различни предлошки и сведочат за различни јазични влијанија во XV век, но исто така ги одразуваат и особеностите на преведувачката постапка, односно синонимните односи и др. Во контекст на богатата хрватскоглаголска писменост и значењето на лексиката на Бревијарот, М. Шимиќ ги посочува застапените моравизми/панонизми, преславизми, охридизми, кроатизми, грцизми, латинизми, романизми, германизми.

Силвана Враниќ во поглавјето под наслов *Вернакуларни елементи во Вториот берамски бревијар* (365–376) во контекст на досегашните истражувања се осврнува на дијалектните особености на Бревијарот од аспект на историската дијалектологија, пред сè во врска со: изјаснувањето на јатот, замената на назалите, промената *dj > j, предлогот v, односно префиксите v-, *vy- итн.

Четвртиот дел на изданието што го претставуваме е посветен на *историјата* (379–455) и во него авторите Иван Ботица, Томислав Галовиќ и Елвис Орбаниќ, посочувајќи и богата релевантна литература, ја отсликуваат целокупната историја на Берам, рурално место крај Пазин, што претставува и предмет на научен и на културен интерес за документирање и толкување на сите историски податоци и тоа низ вековите од праисторискиот период до средината на XVII век (за културно-верските и општествените услови, за веронауката, за материјалната култура итн.). Секако нужно внимание се посветува и на глаголската писмена традиција, односно на сознанијата за евентуалното постоење на глаголски скрипториум во Берам.

Повеќетомното издание на *Вториот берамски бревијар* го привлече вниманието на палеославистите, кои го истакнуваат неговото значење не само за афирмацијата на хрватскоглаголската туку и пошироко за црковнословенската писменост. Несомнено, сите ние што сме го имале в раце ова издание, со воодушевување го делиме мислењето дека тоа претставува капитално дело, редок пример за најцелосен опис, односно презентација на ракопис, па секако може да претставува своевиден образец за сериозен проект од областа на заштитата на средновековното ракописно наследство. Тоа, пред сè, се должи на

макотрпната работа на соработниците на проектот, потврдени палеослависти со богат научен опус од областа на хрватскоглаголската писменост, како и на сите што учествувале во дигитализацијата, како современ начин на достапност на податоците, а исто така и во беспрекорното техничко уредување и печатење. Се надеваме дека и во иднина, ќе имаме можност да се осврнуваме на вакви вредни изданија на средновековните ракописи, што би го пополнувале мозаикот на богатата писменост на црковнословенскиот јазик од различни редакции.